

Ефрем Каранов (28. I. 1852 – 6. XII. 1927) е просветен деец, книжевник, историчар, фолклорист, етнограф, преведувач, учител и учесник во македонското револуционерно движење. Од 1875 до 1877 година работел како учител во Штип, но поради страв дека е московски агент, Турците го протеруваат. Се занимава со собирање фолклорен материјал, стари ракописи, книги, монети и др. Го основа и го раководи Македонското братство во Ќустендил (1895). Се дружи со Трајко Китанчев и учествува во подготовката на чети на Македонскиот комитет, а по расцепот се става на располагање на Македонската револуционерна организација. Одржува блиски врски со Гоце Делчев, Јане Сандански и особено со својот ученик Димо Хаџи Димов.

Ефрем Цветков Каранов е роден на 28 јануари 1852 година во македонскиот град Кратово. Неговиот татко Цветко Стојанов кој бил кратовски чорбаџија и трговец со памук. Тоа му овозможува младиот Ефрем да се образува прво во родното место, а потоа во периодот од 1864 до 1866 година, заедно со својот постар брат Иван Каранов да учат во Цариград. По завршувањето на прогимназијата во Цариград, Ефремов се школува во Одеса, Русија. Таму завршува класична гимназија во 1872 година, а потоа и славјанска филологија на Новорусискиот универзитет во 1874 година.

Уште додека студира во Одеса, Ефрем Каранов започнува да се занимава со книжевна дејност и собирање на фолклорен материјал. Материјалите почнал да ги собира во 1873 година во Кратовскиот крај, Северна Македонија и Бесарабија, а во јануари 1875 година нуди 240 македонски и 16 безарабиски песни за да бидат објавени во „Периодичното списание“ на Бугарското книжевно друштво (БКД) во Браила, Романија, кое подоцна ќе стане Бугарска академија на науките (БАН). Дел од песните ќе бидат објавени во списанието, а истата година тој ќе стане дописен член на друштвото.

По завршувањето на студиите во јуни 1875 година, Ефрем Каранов се враќа во Македонија и работи како учител во Штип. Меѓутоа, Турците се сомневаат дека е руски агент и во 1877 година го протеруваат. По Руско-Турската војна (1877 - 1878), со својот брат зема учество во Македонското востание уште познато како Кресненско востание (1878 - 1879), а потоа останува да живее во новоформираното трибутарно кнежевство Бугарија.

Ефрем Каранов од 1879 до 1881 година управува со Самоковската семинарија, а од 1881 до 1885 година бил учител и директор на Средното педагошко училиште во Ќустендил, каде развива активна општествена и научна дејност. Тој го основа месното читалиште и музеј и во 1884 година станува полн член на БКД. Од 1885 до 1887 година учителствува во Софиската класична гимназија, за потоа постојано да се насели во Ќустендил.

Во 1895 година, Ефрем Каранов е еден од основачите и претседател на Македонското братство во Ќустендил (Благотворително друштво „Македонија“). Како претседател на македонското друштво „Македонија“ тој е во врска со Македонскиот комитет на Трајко Китанчев и учествува во подготовката на четите кои се испраќаат во Македонија. Неговиот дом се користел за одмор и снабдување на востаниците пред да ја преминат границата.

По расцепот во Македонскиот комитет, Ефрем Каранов се ориентира кон Македонската револуционерна организација и станува близок со Гоце Делчев, Јане Сандански, Пејо Јаворов, како и со Никола Зографов кој во есента 1895 година бил назначен за пунктов началник и раководител на Организацијата во Ќустендил. Тој му го предава целото оружје кое било складирано во неговиот дом на Зографов за потребите на Организацијата.

Ефрем Каранов во текот на животот се занимавал освен со собирање фолклорен материјал, со собирање на стари ракописи и книги, стари монети и сл. Како соработник во „Периодическо списание“ и „Сборник за народни умотворени, наука и книжнина“ публикува дел од собраниот фолклорно-етнографски материјал, а планираниот подготвен зборник на песни и прозни народни умотворби од Кратово и Кратовско, по подолги напори за печатење, не е публикуван.

Тој е автор на повеќе студии, како и на кратката монографија за Румена војвода (Софија, 1886). Во тогашните книжевни и научни кругови големо внимание

предизвикуваат неговите преводи (на кратовски говор) на рускиот еп „Слово за полкот Игорев“ (Ќустендил, 1900) и на Мицкиевичевиот „Пан Тадеуш“ (Софија, 1901).

Ефрем Каранов како општествен и културен деец соработувал особено со својот ученик Димо Хаџи Димов, потоа македонскиот револуционер Иван Кепов, чешкиот историчар Константин Иричек, како и други видни бугарски дејци.

По смртта на неговите синови Бојан (1913) и Радивој (1925), Ефрем Каранов се повлекува од општествениот живот. Подготвува свои спомени во кои ги опфаќа раните години и школувањето во Цариград. Спомените не ги завршува поради болест. Умира на 6 декември 1927 година во Ќустендил.